| **40** | **ПЛАТИ, НАЕМНИНИ И НАДОМЕСТОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ** | | **0** | **39.750** | **0** | **0** | **0** | **0** | **39.7** |
| 401 | Основни плати и надоместоци | | 0 | 39.750 | 0 | 0 | 0 | 0 | 39.7 |

| Програма<br>Подпрограма<br>Категорија<br>Ставка | О П И С | Завршна сметка | Предходен буџет | Буџет | Расходи од самофин. активности | Расходи од донации | Расходи од наменски дотации | Расходи од кредити | ВКУПНИ РАСХОДИ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | **Б У Џ Е Т З А 2 0 0 6** | | | | |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | | **0** | **1.984.250** | **0** | **950.000** | **0** | **0** | **2.934.2** |
| 420 | Патни и дневни расходи | | 0 | 60.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 60.0 |
| 421 | Комунални услуги,греење, комуникација и транспорт | | 0 | 120.000 | 0 | 250.000 | 0 | 0 | 370.0 |
| 423 | Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки | | 0 | 409.000 | 0 | 520.000 | 0 | 0 | 929.0 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | | 0 | 1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.000.0 |
| 425 | Договорни услуги | | 0 | 225.250 | 0 | 0 | 0 | 0 | 225.2 |
| 426 | Други тековни расходи | | 0 | 170.000 | 0 | 180.000 | 0 | 0 | 350.0 |
| **44** | **ТЕКОВНИ ТРАНСФЕРИ ДО ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА** | | **0** | **70.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **70.0** |
| 442 | Наменски дотации | | 0 | 70.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 70.0 |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | | **0** | **6.000** | **0** | **450.000** | **0** | **0** | **456.0** |
| 464 | Разни трансфери | | 0 | 6.000 | 0 | 450.000 | 0 | 0 | 456.0 |
| KA | КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО (КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ) | | 0 | 300.000 | 0 | 2.000.000 | 0 | 0 | 2.300.0 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | **0** | **300.000** | **0** | **2.000.000** | **0** | **0** | **2.300.0** |
| 482 | Други градежни објекти | | 0 | 300.000 | 0 | 2.000.000 | 0 | 0 | 2.300.0 |
| **M** | **СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА** | | **2.025.000** | **0** | **8.600.000** | **0** | **3.984.157** | **0** | **12.584.1** |
| **ПРИХОДИ :** | | | | | | | | | |
| M1 | ДЕТСКИ ГРАДИНКИ | | 2.025.000 | 0 | 8.600.000 | 0 | 3.984.157 | 0 | 12.584.1 |
| **РАСХОДИ :** | | | | | | | | | |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | | **2.025.000** | **0** | **8.300.000** | **0** | **3.984.157** | **0** | **12.284.1** |
| 420 | Патни и дневни расходи | | 0 | 0 | 70.000 | 0 | 0 | 0 | 70.0 |
| 421 | Комунални услуги,греење, комуникација и транспорт | | 1.455.600 | 0 | 1.640.000 | 0 | 2.660.000 | 0 | 4.300.0 |
| 423 | Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки | | 0 | 0 | 5.540.000 | 0 | 0 | 0 | 5.540.0 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | | 194.096 | 0 | 500.000 | 0 | 188.792 | 0 | 688.7 |
| 425 | Договорни услуги | | 375.304 | 0 | 550.000 | 0 | 1.135.365 | 0 | 1.685.3 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | **0** | **0** | **300.000** | **0** | **0** | **0** | **300.0** |
| 481 | Градежни објекти | | 0 | 0 | 200.000 | 0 | 0 | 0 | 200.0 |
| 483 | Купување на мебел, опрема, возила и машини | | 0 | 0 | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 100.0 |
| M1 | ДЕТСКИ ГРАДИНКИ | | 2.025.000 | 0 | 8.600.000 | 0 | 3.984.157 | 0 | 12.584.1 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | | **2.025.000** | **0** | **8.300.000** | **0** | **3.984.157** | **0** | **12.284.1** |
| 420 | Патни и дневни расходи | | 0 | 0 | 70.000 | 0 | 0 | 0 | 70.0 |
| 421 | Комунални услуги,греење, комуникација и транспорт | | 1.455.600 | 0 | 1.640.000 | 0 | 2.660.000 | 0 | 4.300.0 |
| 423 | Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки | | 0 | 0 | 5.540.000 | 0 | 0 | 0 | 5.540.0 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | | 194.096 | 0 | 500.000 | 0 | 188.792 | 0 | 688.7 |
| 425 | Договорни услуги | | 375.304 | 0 | 550.000 | 0 | 1.135.365 | 0 | 1.685.3 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | **0** | **0** | **300.000** | **0** | **0** | **0** | **300.0** |
| 481 | Градежни објекти | | 0 | 0 | 200.000 | 0 | 0 | 0 | 200.0 |
| 483 | Купување на мебел, опрема, возила и машини | | 0 | 0 | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 100.0 |

**Б У Џ Е Т  З А  2 0 0 6**

| Програма / Подпрограма / Категорија / Ставка | О П И С | Завршна сметка | Предходен буџет | Буџет | Расходи од самофин. активности | Расходи од донации | Расходи од наменски дотации | Расходи од кредити | ВКУПНИ РАСХОДИ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **N** | **ОБРАЗОВАНИЕ** | | **15.647.430** | **3.500.000** | **15.645.140** | **0** | **29.030.836** | **0** | **48.175.9** |
| **ПРИХОДИ :** | | | | | | | | | |
| N1 | ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ | | 6.439.305 | 2.000.000 | 2.896.000 | 0 | 9.915.025 | 0 | 14.811.0 |
| N2 | СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ | | 4.190.235 | 1.500.000 | 12.749.140 | 0 | 6.034.234 | 0 | 20.283.3 |
| N3 | ПРЕВОЗ НА УЧЕНИЦИ ОД ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ | | 5.017.890 | 0 | 0 | 0 | 13.081.577 | 0 | 13.081.5 |
| **РАСХОДИ :** | | | | | | | | | |
| **40** | **ПЛАТИ, НАЕМНИНИ И НАДОМЕСТОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ** | | **0** | **0** | **1.186.280** | **0** | **0** | **0** | **1.186.2** |
| 401 | Основни плати и надоместоци | | 0 | 0 | 860.840 | 0 | 0 | 0 | 860.8 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување од работодавачите | | 0 | 0 | 325.440 | 0 | 0 | 0 | 325.4 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | | **15.647.430** | **3.200.000** | **12.308.660** | **0** | **29.030.836** | **0** | **44.539.4** |
| 420 | Патни и дневни расходи | | 50.000 | 0 | 747.000 | 0 | 0 | 0 | 747.0 |
| 421 | Комунални услуги,греење, комуникација и транспорт | | 8.456.641 | 3.000.000 | 2.040.600 | 0 | 11.610.059 | 0 | 16.650.6 |
| 423 | Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки | | 458.554 | 0 | 2.678.200 | 0 | 1.618.258 | 0 | 4.296.4 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | | 1.015.420 | 200.000 | 2.199.000 | 0 | 1.546.764 | 0 | 3.945.7 |
| 425 | Договорни услуги | | 5.666.815 | 0 | 4.098.860 | 0 | 14.255.755 | 0 | 18.354.6 |
| 426 | Други тековни расходи | | 0 | 0 | 545.000 | 0 | 0 | 0 | 545.0 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | **0** | **300.000** | **2.150.200** | **0** | **0** | **0** | **2.450.2** |
| 482 | Други градежни објекти | | 0 | 0 | 1.030.000 | 0 | 0 | 0 | 1.030.0 |
| 483 | Купување на мебел, опрема, возила и машини | | 0 | 300.000 | 1.120.200 | 0 | 0 | 0 | 1.420.2 |
| N1 | ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ | | 6.439.305 | 2.000.000 | 2.896.000 | 0 | 9.915.025 | 0 | 14.811.0 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | | **6.439.305** | **1.700.000** | **2.896.000** | **0** | **9.915.025** | **0** | **14.511.0** |
| 420 | Патни и дневни расходи | | 0 | 0 | 173.000 | 0 | 0 | 0 | 173.0 |
| 421 | Комунални услуги,греење, комуникација и транспорт | | 5.167.501 | 1.500.000 | 209.000 | 0 | 7.077.895 | 0 | 8.786.8 |
| 423 | Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки | | 233.105 | 0 | 594.000 | 0 | 1.004.902 | 0 | 1.598.9 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | | 537.458 | 200.000 | 529.000 | 0 | 1.045.234 | 0 | 1.774.2 |
| 425 | Договорни услуги | | 501.241 | 0 | 1.391.000 | 0 | 786.994 | 0 | 2.177.9 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | **0** | **300.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **300.0** |
| 483 | Купување на мебел, опрема, возила и машини | | 0 | 300.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 300.0 |
| N2 | СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ | | 4.190.235 | 1.500.000 | 12.749.140 | 0 | 6.034.234 | 0 | 20.283.3 |
| **40** | **ПЛАТИ, НАЕМНИНИ И НАДОМЕСТОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ** | | **0** | **0** | **1.186.280** | **0** | **0** | **0** | **1.186.2** |
| 401 | Основни плати и надоместоци | | 0 | 0 | 860.840 | 0 | 0 | 0 | 860.8 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување од работодавачите | | 0 | 0 | 325.440 | 0 | 0 | 0 | 325.4 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | | **4.190.235** | **1.500.000** | **9.412.660** | **0** | **6.034.234** | **0** | **16.946.8** |
| 420 | Патни и дневни расходи | | 50.000 | 0 | 574.000 | 0 | 0 | 0 | 574.0 |
| 421 | Комунални услуги,греење, комуникација и транспорт | | 3.289.140 | 1.500.000 | 1.831.600 | 0 | 4.532.164 | 0 | 7.863.7 |
| 423 | Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки | | 225.449 | 0 | 2.084.200 | 0 | 613.356 | 0 | 2.697.5 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | | 477.962 | 0 | 1.670.000 | 0 | 501.530 | 0 | 2.171.5 |
| 425 | Договорни услуги | | 147.684 | 0 | 2.707.860 | 0 | 387.184 | 0 | 3.095.0 |
| 426 | Други тековни расходи | | 0 | 0 | 545.000 | 0 | 0 | 0 | 545.0 |

| Програма Подпрограма Категорија Ставка активности | О П И С | Завршна сметка | Предходен буџет дотации | Буџет | Расходи од самофин. | Расходи од донации | Расходи од наменски | Расходи од кредити | ВКУПНИ РАСХОДИ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | **Б У Џ Е Т  З А  2 0 0 6** | | | | |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | **0** | **0** | **2.150.200** | **0** | **0** | **0** | **2.150.2** |
| 482 | Други градежни објекти | | 0 | 0 | 1.030.000 | 0 | 0 | 0 | 1.030.0 |
| 483 | Купување на мебел, опрема, возила и машини | | 0 | 0 | 1.120.200 | 0 | 0 | 0 | 1.120.2 |
| N3 | ПРЕВОЗ НА УЧЕНИЦИ ОД ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ | | 5.017.890 | 0 | 0 | 0 | 13.081.577 | 0 | 13.081.5 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | | **5.017.890** | **0** | **0** | **0** | **13.081.577** | **0** | **13.081.5** |
| 425 | Договорни услуги | | 5.017.890 | 0 | 0 | 0 | 13.081.577 | 0 | 13.081.5 |
| **W** | **ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА** | | **212.857** | **3.131.486** | **0** | **0** | **7.208.350** | **0** | **10.339.8** |
| **ПРИХОДИ :** | | | | | | | | | |
| W0 | ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА | | 212.857 | 3.131.486 | 0 | 0 | 7.208.350 | 0 | 10.339.8 |
| **РАСХОДИ :** | | | | | | | | | |
| **40** | **ПЛАТИ, НАЕМНИНИ И НАДОМЕСТОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ** | | **0** | **1.864.574** | **0** | **0** | **7.208.350** | **0** | **9.072.9** |
| 401 | Основни плати и надоместоци | | 0 | 1.326.026 | 0 | 0 | 4.838.746 | 0 | 6.164.7 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување од работодавачите | | 0 | 538.548 | 0 | 0 | 2.369.604 | 0 | 2.908.1 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | | **212.857** | **1.266.912** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1.266.9** |
| 420 | Патни и дневни расходи | | 0 | 5.600 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.6 |
| 421 | Комунални услуги,греење, комуникација и транспорт | | 212.857 | 476.300 | 0 | 0 | 0 | 0 | 476.3 |
| 423 | Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки | | 0 | 710.012 | 0 | 0 | 0 | 0 | 710.0 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | | 0 | 45.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 45.0 |
| 426 | Други тековни расходи | | 0 | 30.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 30.0 |
| W0 | ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА | | 212.857 | 3.131.486 | 0 | 0 | 7.208.350 | 0 | 10.339.8 |
| **40** | **ПЛАТИ, НАЕМНИНИ И НАДОМЕСТОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ** | | **0** | **1.864.574** | **0** | **0** | **7.208.350** | **0** | **9.072.9** |
| 401 | Основни плати и надоместоци | | 0 | 1.326.026 | 0 | 0 | 4.838.746 | 0 | 6.164.7 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување од работодавачите | | 0 | 538.548 | 0 | 0 | 2.369.604 | 0 | 2.908.1 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | | **212.857** | **1.266.912** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1.266.9** |
| 420 | Патни и дневни расходи | | 0 | 5.600 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.6 |
| 421 | Комунални услуги,греење, комуникација и транспорт | | 212.857 | 476.300 | 0 | 0 | 0 | 0 | 476.3 |
| 423 | Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки | | 0 | 710.012 | 0 | 0 | 0 | 0 | 710.0 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | | 0 | 45.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 45.0 |
| 426 | Други тековни расходи | | 0 | 30.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 30.0 |

Член 4

Буџетот на општина Струмица влегува во сила по објавувањето во Сл. гласник на општина Струмица, а ќе се применува од 1 јануари 2006 година.

Бр. 07-5500/1
29.12.2005 год.
С т р у м и ц а

Совет на општина Струмица
Претседател,
Зоран Ристов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица ("Службен гласник на општина Струмица" број 4/03), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Струмица за 2006 година

Се објавува Одлуката за извршување на Буџетот на општина Струмица за 2006 година, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 29.12.2005 год.

Број 08-5501/2 Градоначалник
30.12.2005 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

…………………

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), член 23 став 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 61/2004 и 96/2004) и член 21 од Статутот на Општина Струмица ("Службен гласник на општина Струмица" бр. 4/03), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 29.12.2005 година , донесе

**О Д Л У К А**
**за извршување на Буџетот на Општина Струмица за 2006 година**

**Член 1**

Буџетот на Општина Струмица за 2006 година (во понатамошниот текст Буџетот), се извршува според одредбите на оваа Одлука.

**Член 2**

Буџетот на Општината се состои од: Основен буџет; Буџет на самофинансирачки активности; Буџет на донации; Буџет на дотации.

**Член 3**

Корисниците на средствата на Буџетот се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално и економично.

**Член 4**

Расходите утврдени со буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да преземаат обврски.

За да се преземаат нови обврски до советот на општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи во сразмерен износ.

**Член 5**

Градоначалникот на општината ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи на основниот буџет на општината.

Доколку во текот на годината очекуваните приходи и други приливи се реализираат на:

- пониско ниво од одобрениот план, но не повеќе од 5%, градоначалникот ги намалува одобрените средства на основниот буџет;
- повисоко ниво од одобрениот план, но не повеќе од 5%, Градоначалникот може да изврши дополнителни отплати на главнина и камати;
- односно отстапувањето на планот на приходите и другите приливи е повисоко од 5%, градоначалникот доставува измени и дополнувања на буџетот на општината, до Советот на општината.

**Член 6**

Пренамената во рамките на одобрените буџети на буџетските корисници ја одобрува Советот на општината.

Во рамките на расходите утврдени во Буџетот на буџетскиот корисник, корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки, програми и потпрограми по претходно одобрување од Советот на општината.

По исклучок буџетскиот корисник не може да врши пренамени на буџетот со кој се: зголемува буџетот одобрен за плати и надоместоци и намалуваат одобрените средства за одредени капитални програми.

**Член 7**

Буџетските корисници, во услови кога во буџетот на самофинансирачки активности; буџетот на донации и/или буџетот на дотации, планираните приходи и други приливи не се реализираат односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување/зголемување, на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои градоначалникот ги доставува до Советот на општината на одобрување.

**Член 8**

Буџетските корисници по усвојувањето на буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства.

Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансискиот план по месеци.

**Член 9**

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во буџетот, односно нето платите се утврдуваат за : избраните и именуваните лица нето појдовната основа за 1 коефициент изнесува просечно исплатената месечна нето плата по вработен во Републиката за претходната година, за вработените кои имаат статус на државни службеници вредноста на бодот за утврдување на нето платите изнесува 40,10 денари.

**Член 10**

Надоместокот за превоз до и од работно место, по претходно дадена писмена изјава, се исплатува само за вработените чие место на живеење е оддалечено над 2,5км од работното место во висина на цената на јавниот превоз, но не повеќе од 900 денари.

На вработените на кои врз основа на официјално одобрение им е дозволено да користат службени возила за личен превоз до и од работното место не им следува надоместок за превоз.

**Член 11**

Надоместокот за храна во текот на еден месец (доколку исхраната не е организирана) изнесува 2.300 денари месечно.

**Член 12**

Надомест за годишен одмор за 2006 година изнесува 60% од просечна исплатена месечна нето плата по работник.

**Член 13**

Надоместокот за дневница за службено патување во Републиката без трошоците за ноќевање изнесува 700,оо денари.

Доколку патувањето траело повеќе од 12 часа се исплатува цела дневница.

За патување во траење од 8 до 12 часа се исплатува 50% од утврдениот износ во ставот 1 од овој член.

**Член 14**

За деновите кога вработениот е на службен пат, боледување, годишен одмор или отсуство од работа по друг основ надоместокот за превоз и храна не се исплатуваат.

**Член 15**

Во случај на боледување подолго од шест месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита и спасување, и други случаи на работникот му се исплатува помош во висина од една последно исплатена просечна месечна плата во органот каде што е вработен.

**Член 16**

Користењето на средствата од буџетот на општината за вршење на функциите на буџетските корисници се набавуваат со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди во случај кога за расходите неможе да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи во противвредност од **100 ЕУР** каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

**Член 17**

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во поодделните програми и потпрограми ги извршува градоначалникот на општината.

**Член 18**

Буџетските корисници можат да вработуваат нови работници и да пополнуваат испразнети работни места само под услов, ако за тоа се обезбедени средства во буџетот на општината. За обезбедените средства градоначалникот на општината дава писмено известување за обезбедените средства, по претходно дадено позитивно мислење од Агенцијата за државни службеници на актите за систематизација.

**Член 19**

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на Товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на Товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно, на повеќе уплатени, односно наплатени приходи се врши со решение на градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

**Член 20**

Буџетот на Општина Струмица се извршува од 01.01.2006 до 31.12.2006 година.

**Член 21**

Оваа Одлука влегува во сила по објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица ", а ќе се применува од 01 Јануари 2006 година.

Бр. 07-5501/1 Совет на општина Струмица
29.12. 2006 год. Претседател,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица ("Службен гласник на општина Струмица" број 4/03), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за утврдување надоместоци за обележување на градежна и регулациона линија

Се објавува Одлуката за утврдување надоместоци за обележување на градежна и регулациона линија, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 29.12.2005 год.

Број 08-5502/2 Градоначалник
30.12.2005 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

…………………….

Врз основа на член 119 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на РМ" број 38/05) и член 21 став 1 точка 44 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" број 4/03) Советот на општина Струмица на седницата одржана на 29.12. 2005 година, донесе

**О д л у к а**
**за утврдување надоместоци за обележување на градежна и регулациона линија**

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува висината на надоместоците за обележување на градежна и регулациона линија и тоа:

-обележување на објект со габарит до 150 $м^2$……………. 2.500,00 ден.
-обележување на објект со габарит над 150 $м^2$ за секој нареден $м^2$ ………………………..32,00 ден
-обележување осовина на сообраќајница по метар должен…………………………..…… 32,00 ден.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден по објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица".

Бр.07-5502/1 Совет на општина Струмица
30.12.2005 год. Претседател,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

………………..

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица ("Службен гласник на општина Струмица" број 4/03), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за усвојување на Програмата за работа на ЈПКД "Комуналец" Струмица за 2006 година

Се објавува Одлуката за усвојување на Програмата за работа на ЈПКД "Комуналец" Струмица за 2006 година, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 29.12.2005 год.

Број 08-5503/2 Градоначалник
30.12.2005 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

…………….

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. весник на РМ" број 5/02) и член 21 став 1 точка 29 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" број 4/03), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 29.12.2005 година, донесе

**О д л у к а**
**за усвојување на Програмата за работа на ЈПКД "Комуналец" Струмица за 2006 година**

1. Се усвојува Програмата за работа на ЈПКД "Комуналец" Струмица за 2006 година, донесена од Управниот одбор на Претпријатието на седницата одржана на 15.12.2005 година.

2. ЈПКД "Комуналец" Струмица во соработка со Градоначалникот на општина Струмица, органите на Општината и надлежните судски органи да ги реализира потребните правни мерки за припојување на ЈПКД "Хигиена" од Муртино и ЈПКД "Липа" од Куклиш во ЈПКД "Комуналец" Струмица.

3. Да се преземаат мерки за постепено прифаќање на водоводните системи во населените места и нивно одржување од страна на ЈПКД "Комуналец" - Струмица .

4.ЈПКД "Комуналец" да преземе мерки за уредување на депонијата во Добрашинци, за посебно третирање на медицинскиот отпад и за опфаќаање на населените места со организирано собирање, транспортирање и депонирање на комуналниот отпад.

5. Оваа Одлука влегува во сила по објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица".

Бр. 07-5503/1 Совет на општина Струмица
30.12.2005 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица ("Службен гласник на општина Струмица" број 4/03), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за усвојување на Програмата за работа на МЕАП Програмата на ЈПКД "Комуналец" Струмица за 2006 година

Се објавува Одлуката за усвојување на Програмата за работа на МЕАП Програмата на ЈПКД "Комуналец" Струмица за 2006 година, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 29.12.2005 год.

Број 08-5504/2 Градоначалник
30.12.2005 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

…………………..

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. весник на РМ" број 5/02) и член 21 став 1 точка 29 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" број 4/03), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 29.12.2005 година, донесе

**О д л у к а**
**за усвојување на Програмата за работа на МЕАП Програмата за 2006 година на ЈПКД "Комуналец" Струмица**

1. Се усвојува Програмата за работа на МЕАП Програмата за 2006 година на ЈПКД "Комуналец" Струмица, донесена од Управниот одбор на претпријатието на седницата одржана на 15.12.2005 година.

2. Да продолжат напорите преку надлежните органи и институции за реализација на одобрената донација од страна на Република Грција за отпочнување на изградба на прочистителната станица.

3. Оваа Одлука влегува во сила по денот на објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица".

Бр. 07-5504/1 Совет на општина Струмица
30.12.2005 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

……………………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица ("Службен гласник на општина Струмица" број 4/03), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на општина Струмица за 2006 година

Се објавува Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на општина Струмица за 2006 година, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 29.12.2005 год.

Број 08-5595/2 Градоначалник
30.12.2005 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

…………………….

Врз основа на член 21 став 1 точка 8 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" бр. 4/03) Советот на општина Струмица на седницата одржана на ден 29.12.2005 година донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА СТРУМИЦА ЗА 2006 ГОДИНА**

Програмата за уредување на градежното земјиште за 2006 година на општина Струмица опфаќа:

1. - Подрачје со поблиско определување на земјиштето кое ќе се уредува;

2. - Обем на уредување и степен на опремување на градежното земјиште со комунални објекти и инсталации;

3. – Извори на средства-приходи

4. - Одредби утврдување на висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште;

5. -Трошоци за уредување на градежното земјиште, односно намена на средствата по објекти и области.

6. – Надоместок за експропријација на градежното земјиште

**1. ПОБЛИСКО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО КОЕ ЌЕ СЕ УРЕДУВА**

Градежно земјиште е земјиштето кое се наоѓа во градежниот опфат на градот Струмица, предвиден за изградба на сите видови објекти одредени со Генералниот и Деталните урбанистички планови на градот и измените и дополнувањата, како и населените места за кои има УДНМ, односно Урбанистички план за село или ГУП.

Уредување на градежно земјиште надвор од градежниот опфат на градот Струмица ќе се врши со донесување одлука на Советот на општината и

согласност од надлежното Министерство, на основа на изработен урбанистички план вон населено место.

### 1. ОБЕМ НА УРЕДУВАЊЕ И СТЕПЕН НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ СО КОМУНАЛНИ ОБЈЕКТИ И ИНСТАЛАЦИИ

Обемот на уредување на градежното земјиште опфаќа:

* Подготвителните работи:

-Прибавување изводи од урбанистичките планови:

-Геодетско снимање и изработка геодетски подлоги;

-Изготвување елаборати за расчистување на имотно-правни односи

-Расчистување на имотно-правните односи

- Рушење на објекти;

- Изработка на урбанистички планови

-Изработка на инвестиционо-техничка документација (проекти)

* Опремување на градежното земјиште со инфраструктурни објекти

- Изградба на улици и тротоари;

-Изградба на улична водоводна мрежа во град Струмица, како и системи за водоснабдување во рурални подрачја;

-Изградба на улична фекална и атмосферска канализациона мрежа во град Струмица, како и системи за одведување и прочистување на отпадни води во рурални подрачја;

*Урбана опрема

*Одведување и прочистување на отпадни води

*Јавна чистота

*Озеленување на јавни површини, одржување и користење на паркови и зеленило

*Изградба на јавно осветлување

*Одржување на спомен обележја

Со оваа Програма не се предвидува приклучување на електричната мрежа на објектите предвидени со урбанистичкиот план, како и приклучување со ПТТ мрежа, што значи дека финансирањето на тие објекти и инсталации, односно нивната изградба ќе ја извршуваат јавните претпријатија што управуваат со истите, а од средствата што ги собираат согласно Правилниците донесени од Телеком и Електро-стопанство на Македонија.

Со Програмата Општината ја реализира уличната мрежа и останатата инфраструктура.

### 3.ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА-ПРИХОДИ

Уредувањето и опремувањето на градежното земјиште ќе се врши од средства кои се прибираат како надоместок за уредување на градежното земјиште, утврден со оваа Програма .

### 4 . ОДРЕДБИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

**4.** I. Во текот на 2006 година надоместок за уредување на градежното земјиште во град Струмица ќе се наплатува за следните видови објекти:

1. За индивидуални станбени згради 1700,оо ден/м$^2$ нова корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација, помножени со соодветните кефициенти утврдени со “Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост” и оваа Програма.

1.а За индивидуални станбени згради, во VIII станбена заедница, на просторот ограничен со улиците "Ката Поцкова", "Климент Охридски" и "Ѓорѓи Василев", 1.870,оо ден/м$^2$ нова корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација, помножени со соодветните кефициенти утврдени со ,,Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежнот земјиште според степенот на уреденост” и оваа Програма.

2. За колективни станбени згради надоместокот за уредување на градежното земјиште се наплаќа во зависност од зоните во кои се гради објектот, а кои се определени како зони на крајот од оваа Програма.

Надоместокот ќе се пресметува за нето површина на подовите во сите простории на објектот спрема намената на користење и истиот ќе изнесува:

- Во Прва зона......................4.500,оо ден.
- Во Втора зона.....................4.000,оо ден.
- Во Трета зона..................... 3.500,оо ден.

За деловни простории во колективни станбени згради, надоместокот ќе изнесува :
-Во Прва зона.........................7.800 ден/м$^2$
-Во Втора зона.......................5.800 ден/м$^2$
-Во Трета зона.......................3.800 ден/м$^2$

3. За јавните објекти како што се: училишта, здравствени објекти (болници, клиники, здравствени станици, амбуланти, и друго), објекти од областа на културата, уметноста, објекти на општествено политички организации, објекти на правосудството, обвинителството, надоместокот за комунално уредување на градежното земјиште изнесува 1.900 ден/м$^2$ нова корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација, помножени со соодветните кефициенти утврдени со “Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост” и оваа Програма.

4. За деловни и производни објекти, надоместокот за уредување на градежното земјиште изнесува 3.800 ден/м$^2$ нова корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација, помножени со соодветните кефициенти утврдени со “Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост” и оваа Програма.

За пренамена на станбен простор во деловен простор, се наплаќа за 1 м$^2$ разликата до деловен простор, т.е. 2.100 ден/м$^2$ нето развиена површина.

Во надоместокот за уредување на градежното земјиште не е земено како приход обезбедување на електрична енергија од дистрибутивната мрежа и трафостаница, изведба на ПТТ мрежа, како и приклучоци на целата инфраструктура (електро, ПТТ, водовод и канализација), што значи дека тие трошоци паѓаат на товар на инвеститорите кои ги градат инвестиционите објекти.

4. а За деловни објекти , во VIII станбена заедница, на просторот ограничен со улиците "Ката Поцкова", "Климент Охридски" и "Ѓорѓи Василев", надоместокот изнесува 4.180,оо ден/м$^2$ нова корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација, помножени со соодветните кефициенти утврдени со “Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост” и оваа Програма.

5. За други објекти:
- катни гражи ..................... 760,оо ден/м$^2$
-спортски покриени
 објекти ............................1900,оо ден/м$^2$
-отворени пазаришта
 20% од површината по...... 3800,оо ден.

5.а. За други објекти, во VIII станбена заедница, на просторот ограничен со улиците "Ката Поцкова", "Климент Охридски" и "Ѓорги Василев":
- катни гражи ................... 836,оо ден/м$^2$
-спортски покриени
 објекти ............... ...... 2.090,оо ден/м$^2$
-отворени пазаришта
 20% од површината по... 4.180,оо ден.

4. II Во текот на 2005 година надоместокот за уредување на градежното земјиште во населените места Вељуса, Водоча, Градско Балдовци, Дабиље, Добрејци, Просениково, Банско, Муртино, Сачево, Куклиш и Баница кои имаат УДНМ или ГУП ќе се наплатува за следните видови објекти:

1. За индивидуални станбени згради - 800,оо ден/м$^2$ нова корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација, помножени со соодветните кефициенти утврдени со ,, Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост” и оваа Програма.

2. За јавните објекти како што се: училишта, здравствени објекти (болници, клиники, здравствени станици, амбуланти, и друго), објекти од областа на културата, уметноста, објекти на општествено политички организации, објекти на правосудството, обвинителството, надоместокот за уредување на градежното земјиште изнесува 900 ден/м$^2$ нова корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот,

согласно заверена проектна документација, помножени со соодветните кефициенти утврдени со ,,Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост” и оваа Програма.

3. За деловни и производни објекти, надоместокот за уредување на градежното земјиште изнесува 1.900 ден/м$^2$ нова корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација, помножени со соодветните кефициенти утврдени со ,,Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост” и оваа Програма.

За пренамена на станбен простор во деловен простор, се наплаќа за 1 м$^2$ разликата до деловен простор, т.е. 1.100,оо ден/м$^2$ нето развиена површина.

Во надоместокот за уредување на градежното земјиште не е земено како приход обезбедување на електрична енергија од дистрибутивната мрежа и трафостаница, изведба на ПТТ мрежа, како и приклучоци на целата инфраструктура (електро, ПТТ, водовод и канализација), што значи дека тие трошоци паѓаат на товар на инвеститорите кои ги градат инвестиционите објекти.

4. За други објекти:

-катни гражи ……………….. 380,оо ден/м$^2$
-спортски покриени
објекти …………………….. 950,оо ден/м$^2$
-отворени пазаришта
20% од површината по ……..1.900,оо ден.

4. III. Во текот на 2005 година надоместокот за уредување на градежното земјиште во населените места Попчево, Рич, Дорламбос, Костурино, Мемешли, Орманли, Белотино, Раборци, Габрово, Свидовица и Триводи, кои имаат УДНМ или Општ акт ќе се наплатува за следните видови објекти:

1. За индивидуални станбени згради- 400,оо ден/м$^2$ нова корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација, помножени со соодветните кефициенти утврдени со “Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост” и оваа Програма.

2. За јавните објекти како што се: училишта, здравствени објекти(болници, клиники, здравствени станици, амбуланти, и друго), објекти од обласга на културата, уметноста, објекти на општествено политички организации, објекти на правосудството, обвинителството, надоместокот за уредување на градежното земјиште изнесува 450 ден/м$^2$ нова корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација, помножени со соодветните кефициенти утврдени со ,,Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежнот земјиште според степенот на уреденост” и оваа Програма.

3. За деловни и производни објекти, надоместокот за уредување на градежното земјиште изнесува 950 ден/м$^2$ нова корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација, помножени со соодветните кефициенти утврдени со “Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост” и оваа Програма.

За пренамена на станбен простор во деловен простор, се наплаќа за 1 м$^2$ разликата до деловен простор, т.е. 550,оо ден/м$^2$ нето развиена површина.

Во надоместокот за уредување на градежното земјиште не е земено како приход обезбедување на електрична енергија од дистрибутивната мрежа и трафостаница, изведба на ПТТ мрежа, како и приклучоци на целата инфраструктура (електро, ПТТ, водовод и канализација), што значи дека тие трошоци паѓаат на товар на инвеститорите кои ги градат инвестиционите објекти.

4. За други објекти:

-катни гражи …………………190,оо ден/м$^2$
-спортски покриени
објекти ………..…………… 475,оо ден/м$^2$
-отворени пазаришта
20 %од површината по ………950,оо ден.

4. IV Коефициенти утврдени со “Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост” и оваа Програма:

| **Станбени објекти** | | коефициенти |
|---|---|---|
| 1. | Станбени простории | 1.0 |
| 2. | Станбени простории во поткровје:<br>а. Делот во висина помала од 2,5 м. | 0.1 |
| | б. Делот во висина од 2,5 м и над 2,5 м. | 1.0 |
| 3. | Логија ,балкони | 0.2 |
| 4. | Помошни простории, остава за гориво,котлара,трафостаница во објект,визба | 0.3 |
| 5. | Гаражи | 0.1 |

| **Деловни, јавни и производни објекти** | | коефициенти |
|---|---|---|
| 1. | Простории | 1.0 |
| 2. | Магазини, простории во визба | 0.4 |
| 3. | Гаражи | 0.1 |
| 4 | Настрешници | 0.4 |
| 5 | Резервоари | 0.1 |
| 6 | Резервоари ТНГ | 1.0 |
| 7 | Паркинзи | 0.1 |

| | **Други објекти** | коефициенти |
|---|---|---|
| 1. | Катна гаража | 0.2 |
| 2. | Спортски покриени објекти | 0.5 |
| 3. | Отворени пазаришта | 20% од површината |
| | | |

4. V. За подрачјето во градежниот реон и надвор од него, каде Општина Струмица не е во состојба да обезбеди целосно уредување на градежното земјиште согласно предвидениот обем на уредување и степен на опремување на градежното земјиште со комунални објекти и инсталации, инвеститорите ќе плаќаат надоместок како што следува:

1.За улици и тротоари или јавен пат, од предвидениот надоместок за односниот тип на објекти ……50%
2. За улична водоводна мрежа ….10%
3.За главен довод за вода и построение за прочистување ……15%
4.За улична (фекална) канализациона мрежа ………..….15%
5.За колекторска (атмосверска) канализација………………… 10%

или вкупно ……………………… 100%

4. VI Износот на надоместокот за уредување на градежно земјиште за површината на легален објект што е урнат или ќе се урива, а на негово место се гради друг објект, се намалува од развиената површина на објектот што ќе се гради, по истите норми (проценти) по кои е пресметан во моментот на регулирањето на надоместокот за уредување на градежно земјиште.

4. VII Во колку во текот на годината се наложи потреба од промена на висината на надоместокот поради поголема инфлација, корекцијата ќе ја изврши Советот на општината, во согласност со индексот на цените на мало дадени од Заводот за статистика на Р.Македонија.

4. VIII. Градоначалникот на општината, може поединечно со Решение да одобри, износот на надоместокот за уредување на градежното земјиште да се плати на рати во зависност од висината на надоместокот и оценката за важноста на објектот.

## 5.ТРОШОЦИ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ПО ОБЛАСТИ И ОБЈЕКТИ

**Ф2 - Уредување на градежно земјиште**
**(рушење на објекти) ……………………………….. 1.000.000,оо ден.**

**ФА – Уредување на градежно земјиште**
**(капитални тошоци) …………………………………..42.539.000, оо ден.**

**а) Изградба на улици и други инфраструктурни објекти**

| РБ | Објект | Пов. | Износ во ден. |
|---|---|---|---|
| 1. | Ул.“Новопроектирана” целосна извед. | 500 м’ | 12.000.000,оо |
| 2. | Ул. “Ванчо Китанов” -Мирче Ацев” целосна изведба | 110 м’ | 1.770.000,оо |
| 3. | Дел од ул.”Киро Абрашев”-бетонирање | 20 м’ | 94.000,оо |
| 4. | Дел од ул. “Братство Единство”-целосна изведба | 140 м’ | 2.360.000,оо |
| 5. | Дел од ул. “Браќа Минкови”-бетонирање | 50 м’ | 637.000,оо |
| 6. | Дел од ул. “Дим. Цветинов”-тампонирање со асфалт | | 1.180.000,оо |
| 7. | Дел од ул. “Младинска”- бетонирање | | 118.000,оо |
| 8. | Игралиште “Шпики” | | 345.000,оо |
| 9. | Игралиште во IV урбана заедница кај гар. на АРМ | | 200.000,оо |
| 10. | Џеб на ул. “Цар Самоил” | 60 м’ | 60.000,00 |
| 11. | Кружен тек “Ленинова” –“Климент Охридски” | | 2.000.000,оо |
| 12. | Ул. “Панче Пешев” втор слој- асфалт | | 500.000,оо |
| 13. | Џеб помеѓу Хотел “Пелагонија” и индивидуални објекти | 200 $м^2$ | 200.000,оо |
| 14. | Џеб на “Младинска” од к. бр. 66 кај Каменчев Бранко | 500 $м^2$ | 500.000,оо |
| 15. | Скали помеѓу ул. “М. Тито” и “11-ти Септември” | | 100.000,оо |
| 16. | Дел од ул.”К.Република” кај Кожара | | 200.000,оо |
| 17. | Ул. “Е. Попандонов” со “11-ти Септември” | 300 $м^2$ | 200.000,оо |
| 18. | Ул. “Бошко Буха” | | 1.000.000,оо |
| 19. | Ул. Стив Наумов” Втор слој асфалт од Дупена чешма до ул. “Кирил и Методиј” | | 1.000.000,оо |
| | **Вкупно:** | | **24.464.000,оо** |

**б) Изградба на тротоари**

| РБ | Објект | Површина | Износ во денари |
|---|---|---|---|
| 1 | Ул. “Братство Единство” | 600 $м^2$ | 708.000,оо |
| 2 | Ул. “Младинска” спроти нова болница | 200 $м^2$ | 230.000.оо |
| 3 | Ул. “М.Х. Јасмин” | 600 $м^2$ | 747.000,оо |
| 4 | Бул. “М. Тито” пред ЈП за становање | 1000 $м^2$ | 1.250.000,оо |
| 5 | Ул. “Срашо Пинџур” | 1000 $м^2$ | 1.000.000,оо |
| 6 | Ул. “М.Тито” од Топчето до ЕСМ | 800 $м^2$ | 800.000,оо |
| 7 | Ул. “Пенче Пешев” | 150 м’ | 300.000,оо |
| | **Вкупно:** | | **5.035.000.оо** |

**в) расчистување на имотно – правни односи**

| р.б | Објект | Износ денари |
|---|---|---|
| 1 | . ул. “Новопроектирана” | 3.500.000,оо |
| 2 | ул. “Мирче Ацев” | 1.000.000,оо |
| 3 | ул. “Гоце Делчев” (Единство) | 1.000.000,оо |
| 4 | ул. “Гоце Делчев” (Агроремонт) | 350.000,оо |
| 5 | ул. “Васил Главинов” | 140.000,оо |
| 6 | ул. “Дим. Влахов” | 660.000,оо |
| 7 | ул. “Младинска” | 120.000,оо |
| 8 | Ул. “5 Ноември” -“Охридска” | 400.000,оо |
| 9 | Ул.”1 Мај” | 200.000,оо |
| 10 | Двор во ОУ “Никола Вапцаров” | 600.000,оо |
| | **Вкупно:** | **7.970.000,оо** |

**г) Изработка на инвестиционо-техничка докуметнација (проекти)**

| р.б. | Објект | Износ денари |
|---|---|---|
| 1 | с. Сачево -Проект за канализација | 100.000,оо |
| 2 | с. Добрејци - Проект за канализација | 150.000,оо |
| 3 | с. Просениково -Проект за канализација | 150.000,оо |
| 4 | с. Дабиле Проект за канализација | 150.000,оо |
| 5 | Проект за Кружен тек на ул. "Климент Охридски" пресек "Ленинова" | 50.000,оо |
| 6 | Проект за цвеќарник на бул. "М. Тито" | 20.000,оо |
| 7 | Идејно решение за градски пазар | 200.000,оо |
| 8 | Идејно решение за плоштад "Гоце Делчев" | 100.000,оо |
| 9 | Проект за колектор – индустриска зона | 150.000,оо |
| | **Вкупно:** | **1.070.000,оо** |

**д) Повеќегодишни капитални инвестиции**
- Обврски од претходни години ……………… **4.000.000,оо ден.**

**ФД-Уредување на простор во рурални подрачја (капитални трошоци)……………………………………8.208.000,оо ден.**

**а) Изградба на улици и локални патишта во градот и населени места:**

| РБ | Објект | Пов. | Износ во ден. |
|---|---|---|---|
| 1 | Ул. во с.Дабиле – втор слој асфалт | 1.000 $м^2$ | 300.000,оо |
| 2 | Ул. во с.Куклиш- тампон. со асфалт. | 1.500 $м^2$ | 1.500.000,оо |
| 3 | Улица с. Банско | 750 $м^2$ | 750.000,оо |
| 4 | Улица во с. Муртино | 1.200 $м^2$ | 1.400.000,оо |
| 5 | Ул. во Вељуса | 350 м' | 600.000,оо |
| 6 | Ул. Просениково | | 358.000,оо |
| | **Вкупно:** | | **4.908.000,оо** |

**б)Изградба на тротоари**

| РБ | Објект | Површина | Износ во денари |
|---|---|---|---|
| 1 | с. Дабиле | 1.164$м^2$ | 1.500.000,оо |
| 2 | с.Добрејци | 960 $м^2$ | 1.100.000,оо |
| 3 | с. Муртино | 600$м^2$ | 700.000,оо |
| | **Вкупно:** | | **3.300.000,оо** |

**Ј2 – Одведување и прочистување на отпадните води ……………………………………… 2.800.000,оо ден.**

| РБ | Активност | Површина | Износ денари |
|---|---|---|---|
| 1. | Чистење на отворен атмосферски канал " Св.Илија" | 2.000 м' | 1.800.000,оо |
| 2. | Чистење ( од К0 до канал "Крушевска Република" | 2100 м' | 1.000.000,оо |
| | **Вкупно:** | | **2.800.000,оо** |

**Ј4 – Јавна чистота ……………………………………… 600.000,оо ден.**

**Ј7- Одржување и користење на паркови и зеленило ……………………………………… 1.000.000,оо ден.**

**ЈА – Изградба на јавно осветлување……………………1.500.000,оо ден**

| Р.б. | Активност | Износ во денари |
|---|---|---|
| 1 | Инвестиции во осветлувањето - подигање на нови канделабри | **1.500.000,оо** |

**ЈГ – Изградба на системи за водоснадување………………..4.800.000,оо ден.**

| р.б. | Објект | Износ ден. |
|---|---|---|
| 1. | Изградба на систем за водоснабдување во с.Баница | 3.500.000,оо |
| 2 | Изградба на систем за водоснабдување во Банско | 800.000,оо |
| 3 | Изградба на систем за водоснабдување во Габрово | 500.000,оо |
| | **Вкупно:** | **4.800.000,оо** |

**ЈИ – Изградба на систем за одведување и прочис-
тување на отпадни води ……………………….………… 3.000.000,оо ден.**

| р.б. | Објект | | Износ ден. |
|---|---|---|---|
| 1. | Ул.”Климент Охридски” (Ф) | | 1.000.000,оо |
| 2. | с. Куклиш (по проект) | | 1.500.000,оо |
| 3. | Подигање на шахти | Бр. 180 | 500.000,оо |
| | **Вкупно:** | | **3.000.000,оо** |

**ЈМ - Паркови и зеленило (капитални расходи) ……….. 4.500.000,оо ден.**

| Р.б. | Активност | Износ во денари |
|---|---|---|
| 1 | Уредување на трим патека(месност Св. Илија) | 4.000.000,оо |
| 2. | Уредување на плоштади | 500.000,оо |
| | **Вкупно:** | **4.500.000,оо** |

**ЈН-Урбана опрема ……………………….……..……...……… 2.500.000,оо ден.**

**К4 – Културни манифестации и творештво**

(Одржување на спомен обележје ) ……………….…….**1.000.000,оо ден.**

| р.б. | Објект | | Износ денари |
|---|---|---|---|
| **1.** | Спомен-Костурница-одржување | | **1.000.000,оо** |

**КА-Културни манифестации и творештво**

(капитални трошоци) **………………….……….……... 2.300.000,оо ден.**

| р.б. | Објект | | Износ денари |
|---|---|---|---|
| 1. | Спомен-обележје на Цар Самоил | | 2.000.000,оо |
| 2. | Спомен-обележје на бранителите | | 300.000,оо |
| | **Вкупно:** | | **2.300.000,оо** |

**Р е к а п и т у л а р:**

| **Р.б.** | **Назив на програмата** | **Износ денари** |
|---|---|---|
| 1 | Ф2 - Уредување на градежно земјиисте (рушење на објекти) ………. | 1.000.000,оо |
| 2 | ФА – Уредување на градежно земјиште (капитални тошоци) ……… | 42.539.000, оо |
| 3 | ФД-Уредување на простор во рурални подрачја (капитални трошоци) | 8.208.000,оо |
| 4 | Ј2 – Одведување и прочистување на отпадните води ……………..…. | 2.800.000,оо |
| 7 | Ј4 – Јавна чистота ……………………………………………………….. | 600.000,оо |
| 9 | Ј7- Одржување и користење на паркови и зеленило …………………. | 1.000.000,оо |
| 10 | ЈА – Изградба на јавно осветлување ………………………………………. | 1.500.000,оо |
| 12 | ЈГ – Изградба на системи за водоснадување ……………………… | 4.800.000,оо |
| 13 | ЈИ – Изг.на систем за одведување и прочистување на отпадни води | 3.000.000,оо |
| 14 | ЈМ - Паркови и зеленило (капитални расходи) ……………………….. | 4.500.000,оо |
| 15 | ЈН-Урбана опрема - фонтани и корпи ……………………….…………. | 2.500.000,оо |
| 16 | К4 – Културни манифестации и творештво<br>(Одржување на спомен обележје ) ………………………………….. | 1.000.000,оо |
| 17 | КА-Културни манифестации и творештво<br>(капитални трошоци) ……………………………………………… | 2.300.000,оо |
| | **В к у п н о:** | **75.747.000,00** |

## 6.Надоместок за експропријација на градежно земјиште

За обештетување за градежно земјиште за пробивање улици, тротоари и џебови на улици во градот Струмица и населените места ќе се наплаќа како што следува :

Градежно неизградено земјиште во потесниот градежен реон на град Струмица

1. Вредноста на неизградeното градежно земјиште во потесниот градежен реон на град Струмица ограничен со Генералниот урбанистички план, се определува спрема зоната во која се наоѓа, и тоа:

Во Прва зона................1.200 ден/$м^2$
Во Втора зона.............1.000 ден/$м^2$
Во Трета зона.........…....800 ден/$м^2$
Во Четврта зона………...500 ден/$м^2$

2. Вредноста на неизградeното градежно земјиште во потесниот градежен реон на населените места ограничен со УДНМ или ГУП изнесува 200,оо ден/$м^2$.

3. Вредноста на градежното неизградено земјиште надвор од потесниот градежен реон за кое постои урбанистички план, ќе се наплатува како што следува:

-Во Прва зона - покрај потесниот градежен реон на град Струмица (на пр. Пречистителна Станица). ……..400 ден/$м^2$
-Во Втора зона - покрај Магистралниот пат М-6 и населените места со Одлука за определување на градежниот реон.......................300 ден/$м^2$
- Во Трета зона - покрај останати јавни патишта надвор од потесниот реон на населбите.………….............200 ден/$м^2$
- Во Четврта зона - во и покрај пасивните и заостанати населени места - Рич, Белотино и Попчево ....………..................40 ден/$м^2$

### Граници на зони во потесниот градежен реон на град Струмица

**Прва зона**

Подрачјето што го опфаќа Прва зона претставува централен дел на градот и е ограничен со улиците:

Дел од "Ленинова" покрај паркот пред Собранието, "Боро Џони", "Орце Николов", "Ванчо Китанов", ја пресекува "Благој Мучето" кај споменикот на револуцијата, "24-ти Октомври", "Младинска", "Крушевска Република", "Димитар Влахов" и затвара со "Ленинова".

**Втора зона**

Го опфаќа подрачјето надвор од границите на прва зона и тоа:

Просторот ограничен со: Патот М-6, ул. “Климент Охридски”, ул. “Ѓорѓи Упчев”, ул. “Бетовенова”, ул. “”5-ти Ноември”, ул. “Стив Наумов”, граница на урбаниот опфат со ГУП, до спој со патот М-6.

**Трета зона**

Го опфаќа просторот надвор од втората зона во рамките на градежниот офат со ГУП и тоа источно од патот М-6, источно од ул.”Климент Охридски”, јужно од ул.”Ѓорѓи Упчев” и западно од ул. “Маршал Тито” и северно од границата на Урбан модул 26 дефиниран со ГУП на град Струмица.

**Четврта зона**

Подрачјето на четврта зона е просторот на повисокиот дел на градот и тоа над улиците: "Бетовенова", "Славчо Стојменски", "Бел Камен", "Пиринска", "Партизанска", ја пресекува "Васил Главинов" и оди над "Стив Наумов".

**Завршни одредби**

Започнатите постапки за издавање на одобрение за градење и на одобрение за употреба ќе продолжат според прописите кои важеле до денот на стапувањето во сила на оваа Програма.

Оваа Програма влегува во сила по објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр. 07-5495/1 Совет на општина Струмица
30.12.2005 год. Претседател,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

………………….

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица ("Службен гласник на општина Струмица" број 4/03), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Годишната програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици на територијата на Општина Струмица за 2006 година

Се објавува, Годишната програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици на територијата на Општина Струмица за 2006 година, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 29.12.2005 год.

Бр. 08-5596/2 Градоначалник
30.12.2005 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

Врз основа на член 21 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" бр. 4/03) Советот на општина Струмица на седницата одржана на ден 29.12.2005 година донесе

**Г о д и ш н а п р о г р а м а**
**за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици на територијата на општина Струмица за 2006 година**

Во текот на 2006 година, се предвидува да се извршат следните активности:

**А. Улици во населени места:**

| р.б. | Населени места | Износ денари |
|---|---|---|
| 1 | Улица во с. Габрово тампон со асфалт 1350 м$^2$ ………………… | 1.500.000,00 |
| 2 | Локален пат Сачево спој од магистрален пат до мостот пред селото тампон со асфалт 1500 м$^2$……………….…. | 1.500.000,00 |
| 3 | Улици во с.Раборци тампонирање – 100 м ……………………. | 50.000,00 |
| 4 | Улици во с.Попчево бетонирање 1500 м$^2$ ……………………….. | 1.500.000,00 |
| 5 | Улица во Водоча тампон со асфалт–750 м$^2$ …………………… | 750.000,00 |
| | **ВКУПНО :** | **5.300.000,00** |

Динамика на извршување : Мај - октомври 2006 година

**Б. Изградба на тротоари**

| р.б. | Населено место | Износ денари |
|---|---|---|
| 1 | с.Костурино пов. 750 м$^2$ ……………………………………… | 850.000,00 |

**В. Одржување и заштита на локални патишта и улици и регулирање на режим на сообраќај**

| р.б. | | Износ денари |
|---|---|---|
| 1 | Крпење на удари дупки и прокопи со набавка и вградување на асфалт 200 Т …………………………………… | 1.400.000,00 |
| 2 | Уредување-одржување на профилот на патот …………………… | 700.000,00 |
| 3 | Зимско одржување на локални патишта и ул: - набавка на индустриска сол 40 Т ………………………………… | 240.000,00 |
| | -ангажирање на машини, опрема и работна рака за расфрлање на сол и чистење на снег од улиците ………… | 500.000,00 |
| 4 | Одбележување на хоризонтална сигнализација 5000 м$^2$ …… | 1.000.000,00 |
| 5 | Одржување на вертикална сигнализација со набавка и поставување на сообраќајни знаци 150 броја ……………… | 750.000,00 |
| 6 | Одржување на семафорски постројки ………………………… | 500.000,00 |
| | **ВКУПНО:** | **5.090.000,00** |

Динамика на извршување континурано во текот на 2006 година.

**Планирани средства од Фондот за магистрални и регионални патишта во висина од …………11.240.000,00 ден.**

Оваа Годишна програма влегува во сила по објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица".

Бр. 07-5496/1 Совет на општина Струмица
30.12.2005 год. Претседател,
С т р у м и ц а Зоран Ристов
……………………….

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица ("Службен гласник на општина Струмица" број 4/03), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Струмица за 2006 година

Се објавува, Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Струмица за 2006 година,

донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 29.12.2005 год.

Број 08-5598/2 Градоначалник
30.12.2005 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

………………..

Врз основа на член 21 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" бр. 4/03) Советот на општина Струмица на седницата одржана на ден 29.12.2005 година донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА СТРУМИЦА ЗА 2006 ГОДИНА**

## 1. Вовед

Годишната програма за изработка на урбанистичките планови на општина Струмица за 2006 година преставува основа за изработка и донесување на Генерален план, Детални урбанистички планови и Урбанистички планови за села во општината, основа за уредување и опремување на градежното земјиште и е сегмент од потребната документација за добивање согласност за изработените планови од Министерството за транспорт и врски.

## 2. Планирани активности

***F1-Урбанистичко планирање ……..……..4.000.000,оо ден.***

*а. Генерален урбанистички план (ГУП)*

| р.б. | Објект | Износ денари |
|---|---|---|
| 1. | Генерален урбанистички план (ГУП-Струмица) | 315.000,оо |
| | **Вкупно:** | **315.000,оо** |

*б. Детални уранистички планови:*

| р.б. | Објект | Износ денари |
|---|---|---|
| 1. | Блок 41 (Грозд и Градско зеленило) | 238.000,оо |
| 2 | Блок 1 (Дел од централно градско подрачје) | 175.000,оо |
| 3 | Блок 3-а ( Печатница) | 129.500,оо |
| 4 | Блок 3 (Стопанска зона – север) | 175.000.оо |
| 5 | Блок 20 (Дел) | 94.700,оо |
| 6 | Блок 21 (источно од ул."К.Охридски"-Белик) | 224.000,оо |
| 7 | Блок 17 (источно од ул."К.Охридски"-Белик) | 350.000,оо |
| 8 | Блок 15 ("Жито Струмица" - до порој) | 168.000,оо |
| 9 | Блок 36 (Гарнизон на АРМ) | 350.000,оо |
| 10 | Блок 37 (Гарнизон на АРМ) | 172.200,оо |
| 11 | Блок 39 (Софилар) | 430.500,оо |
| 12 | Блок 40 (Софилар) | 723.100,оо |
| 13 | Блок 42 ( Краварник) | 455.000,оо |
| | **Вкупно :** | **3.685.000.оо** |

## 3.Финансирање

За финансирање на урбанистичките планови од Програмата F1 средства ќе се обезбедат од:

- Буџетот на општина Струмица за 2006 година

## 4. Завршни одредби

Во текот на годината во зависност од потребите, Програмата може да претрпи измени и дополнувања.

Врз основа на Годишната програма за изработка на урбанистички планови ,Општината како нарачател на планот склучува договор за изработка на планови согласно Законот со правни лица кои имаат овластување за изработка на урбанистички планови.

Оваа Програма влегува во сила по објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица".

Бр.07-5498/1 Совет на општина Струмица
30.12.2005 год. Претседател,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

…………………………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица ("Службен гласник на општина Струмица" број 4/03), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување Програмата за одржување на јавното осветлување на подрачјето на општина Струмица за 2006 година

Се објавува, Програмата за одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Струмица за 2006 година, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 29.12.2005 год.

Бр. 08-5597/2 Градоначалник
30.12.2005 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

……………

Врз основа на член 21 став 1 точка 13 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” бр. 4/03) Советот на општина Струмица на седницата одржана на ден 29.12.2005 година донесе

**П р о г р а м а**
**за одржување на јавното осветливање на подрачјето на општина Струмица за 2006 година**

Согласно Одлуката за комунален ред и мерките за нејзино спроведување на општина Струмица, Советот на општината го уредува и организира вршењето на работите сврзани со јавното осветлување во општината.

Со Програма се утврдуваат активностите за одржување на јавното осветлување за 2006 година,односно се утврдува обемот и динамиката на одржувањето, финансирањето на истите, како и финансирањето на потрошената енергија од јавното осветлување во општината.

Финансирањето, односно покривањето на трошоците за јавното осветлување е регулирано со Законот за комуналните такси (“Сл.весник на РМ” број 61/04, 64/05), според кој за користење и одржување на јавното осветлување се плаќа комунална такса во висина на противвредност од 15 киловат час по цена за јавно осветлување за секое броило за мерење на електричната енергија. Износот на комуналната такса изнесува месечно 48,00 денари по домаќинство.

Наплатата на таксата за користење и одржување Јавно осветлување од имателите на броило ја врши Јавното претпријатие “Електростопанство на Македонија”-подружница “Електрострумица” Струмица и ја уплатува на сметка на Буџетотна општина Струмица.

Бројот на имателите на броила од категоријата потрошувачи-домакинства во текот на годината е променлив од причини што има пријавено потрошувачи и потрошувачи кои се одјавуваат и не користат електрична енергија.

Моментално на територијата на општина Струмица има регистрирано 17.775 броила.

Мрежата за јавно осветлување се напојува од 117 трафостаници во кои се наоѓаат блокови за јавно осветлување.

Со редовното одржување на јавното осветлување е опфатено:

- замена на прегорени и скршени сијалици;
- замена на оштетени светлосни арматури;
- замена на заштитни стакла;
- замена на сите останати елементи на сијаличното место (пригушници, фасонски и др.)

Во текот на 2006 година се предвидува да се постават нови арматури и тоа во градот Струмица на следните улици:

1. “Ѓорги Василев” …… …..1 арматура
2. ”Ристоман Попчевски” …5 арматури
3. ”Антон Панов”… ………..3 арматури
4. ”Кр.Република” ….……..15 арматури
5. “Кукушка”………. ………..2 арматури
6. “Никола Тесла”………. 1 арматура
7. “Димитр Цветинов”……...2 арматури
8. “Битолска” ……..…….1 арматура
9. “Дебарска”………………..3 арматури
10. ”Кирил и Методиј” ...... 2 арматури
11. ”Народен Фронт”……….2 араматури
12. ”Иљо Шопов ” ……..…… 3 арматури
13. ”М.Х.Јасмин”…..……..….. 3 арматури
14. ”Тимо Тренчев”……..……4 арматури
15. ”Климент Охридски”…..10 арматури
16. ”Ката Поцкова” ……..…8 арматури
17. ”Бетовенова” ………...…3 арматури
18. ”Братство”……………..…3 арматури
19. ”Бошко Буха” ……….…..4 арматури
20. ”11 Септември”…..………1 арматура
21. Џеб помеѓу ул. “Коста Бозов”, “Браќа Милдинови” и “Братство Единство …………………..2 арматури
22. Ул. “Ванчо Китанов” ..…. 2 арматури

**Во населените места:**

1. Баница ………………. 10 арматури
2. Водоча ……………… .…3 арматури
3. Попчево…………..… ..….2 арматури
4. Дабиле……………..……13 арматури
5. Вељуса……………..…...8 арматури
6. Сачево …………………. 6 арматури
7. Муртино ……..……..……6 арматури
8. Белотино …………..…… 2 арматури

Во Програмата за јавно осветлување за 2006 година да се предвидуват 9,5 милиони денари од кои за тековната потрошувачка на електрична енергија би се потрошиле средства во висина од 7.500.000,оо денари , а останатите средства би се потрошиле за одржување на инсталациите инови арматури.

Редовното одржување на јавното осветлување се изведува со вршење на редовни контроли преку теренски увиди за согледување на состојбите, отстранување на утврдените дефекти и доведување на јавното осветлување во исправна состојба.

Во текот на 2006 година се планира да се воведе систем на заштита на електрична енергија преку вградување на нови светлосни тела.

Во рамките на одржувањето на јавното осветлување ќе се врши и месечно читање на потрошената електрична енергија од јавното осветлување во сите напојни трафостаници.

Извршител на сите овие активности ќе биде ЈП Електростопанство на Македонија – подружница “Електрострумица” Струмица.

Додека редовното одржување преку замена на елементи ќе го врши стручна организација која ќе ја утврди Комисијата за јавни набавки преку спроведуваена тендерска постапка.

Надзор во редовното одржување на инсталациите, проверка на пристигнатите фактури за наплата на извршените работи, како и динамика на наменското користење на средствата ќе врши Секторот за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и ЛЕР Струмица.

Оваа Програма влегува во сила по објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр. 07-5497/1 Совет на општина Струмица
30.12.2005 год. Претседател,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

……………..

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица ("Службен гласник на општина Струмица" број 4/03), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Програмата за одбележување на годишнини на значајни настани и истакнати личности во 2006 година во Општина Струмица

Се објавува, Програмата за одбележување на годишнини на значајни настани и истакнати личности во 2006 година во Општина Струмица, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 29.12.2005 год.

Број 08-5599/2 Градоначалник
30.12.2005 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

…………….

Врз основа на член 21 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” бр. 4/03) Советот на општина Струмица на седницата одржана на ден 29.12.2005 година донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ГОДИШНИНИ НА ЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ И ИСТАКНАТИ ЛИЧНОСТИ ВО 2006 ГОДИНА ВО ОПШТИНА СТРУМИЦА**

**I**

Со Општинската програма за одбележување на годишнини на значајни настани и истакнати личности во 2006 година (во понатамошниот текст Програма), се определуваат годишнините на значајните настани и истакнати личности од посебно значење за развојот на Република Македонија и Струмица, за афирмација на историското и културното наследство и негување на општоцивилизациските вредности и државните празници на Република Македонија, утврдени со закон.

**II**

Во 2006 година ќе се одбележат следните годишнини на значајни настани и личности:

**Ј А Н У А Р И**

**1.** 01 и 02.01.2006 година (недела и понеделник) НОВА ГОДИНА
НОСИТЕЛ: Градоначалникот и Комисијата за општествени дејности при Советот на општина Струмица. (Во понатамошен текст: Комисија)

**2.** 11.01.2006 година (среда)
- 60 години од смртта на АТАНАС ЦОНЕВ НИВИЧАНСКИ, раководител на Огражденскиот револуционерен округ, во чија куќа е чувана и Мис Стон.
НОСИТЕЛ: Комисијата

**ФЕВРУАРИ**

**1.** 04.02.2006 година (сабота)

- 134 години од раѓањето на апостолот на македонското револуционерно движење за ослободување од турското ропство ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ

НОСИТЕЛ: ОУ “Гоце Делчев” село Вељуса во содејство со Комисијата.

**2.** 26.02.2006 година (недела)

- Две години од загинувањето на претседателот на Република Македонија, БОРИС ТРАЈКОВСКИ.

НОСИТЕЛ: Комисијата

**АПРИЛ**

**1.**13.04.2006 година (четврток)

- 100 години од раѓањето на АНТОН ПАНОВ, еден од најзначајните зачетници на македонската битова драматургија.

Носител: Центарот за култура “Антон Панов” Струмица во содејство со Комисијата.

**МАЈ**

**1.** 01 и 02.05.2006 година (понеделник и вторник)

МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА ТРУДОТ

НОСИТЕЛ: Општински одбор на Сојузот на синдикатите на Македонија

**2.** 04.05.2006 година (четврток)

- 103 години од загинувањето на ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ, апостолот на македонското револуционерно движење за ослободувае од турското ропство.

НОСИТЕЛ: Комисијата

**3.** 09.05.2006 година (вторник)

МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА ПОБЕДАТА НАД ФАШИЗМОТ

НОСИТЕЛ: Комисијата.

**ЈУНИ**

**1.**18.06.2006 година (недела)

- 25 години од смртта на генерал – мајорот БОРО ПОЦКОВ – МИРКО, командант на Струмичкиот партизански одред и шпански борец.

НОСИТЕЛ: Комисијата.

**2.** 25.06.2006 година (недела)

- 50 години од раѓањето на трагично загинатиот претседател на Република Македонија – БОРИС ТРАЈКОВСКИ.

НОСИТЕЛ: Комисијата.

**ЈУЛИ**

**1.**14.07.2006 година (петок)

- 66-години од убиството на народниот херој БЛАГОЈ ЈАНКОВ МУЧЕТО

НОСИТЕЛИ: Општински одбор на СБМ од НОАВМ, Матичната библиотека “Благој Јанков Мучето” Струмица и Домот за деца и млади “Благој Јанков Мучето” од Струмица во содејство со Комисијата.

**2.** 17.07.2006 година (понеделник)

- 20 години од смртта на еден од најистакнатите театарски и филмски македонски актери РИСТО ШИШКОВ

НОСИТЕЛ: Советот на Меѓународниот фестивал на камерен театар “Ристо Шишков, во содејство со Комисијата.

**АВГУСТ**

**1.** 02.08.2006 година (среда)

ДЕН НА РЕПУБЛИКАТА

- 103 години од Илинденското востание и создавање на Крушевската Република

- 61 година од одржувањето на Првото заседание на АСНОМ и поставувањето темелите на македонската држава

НОСИТЕЛ: Комисијата

**2.**13.08.2006 година (недела)

- 55 години од убиството на петтемина струмички студенти

НОСИТЕЛ: Комисијата

**СЕПТЕМВРИ**

**1.** 08.09.2006 година (петок)

ДЕН НА НЕЗАВИСНОСТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

- 15 години од референдумската определба за независна и суверена Република Македонија

НОСИТЕЛ: Комисијата

**2.** 11.09.2006 година (понеделник)

- ДЕН НА ОСЛОБОДУВАЊЕТО НА СТРУМИЦА

- 62 години слободна Струмица

НОСИТЕЛ: Комисијата

(Поради близината на обата датума, одбележувањето ќе се изврши според заедничка програма)

**ОКТОМВРИ**

**1.** 11.10.2006 година (среда)

ДЕН НА НАРОДНОТО ВОСТАНИЕ НА МАКЕДОНИЈА

- 65 години од првите востанички истрели во Прилеп и Куманово против фашистичките окупатори.

НОСИТЕЛ: Комисијата

**ДЕКЕМВРИ**

**1.** 11.12.2006 година (понеделник)

ДЕН НА ЗАШТИТНИЦИТЕ НА СТРУМИЦА – СВЕТИТЕ 15 ТИВЕРИОПОЛСКИ МАЧЕНИЦИ

НОСИТЕЛ: Комисијата

**2.** 31.12.2005 година (недела)

МАСОВЕН ПРЕЧЕК НА НОВАТА 2007 ГОДИНА НА ПЛОШТАДОТ “ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО СТРУМИЦА

НОСИТЕЛ: Градоначалникот и Комисијата

**III**

Покрај настаните од точка II, Локалната самоуправа во текот на годината ќе се вклучи и во одбележувањето на годишнини од раѓањето или смртта на личности кои се земени како патрони на различни институции, како и на настани од историјата на македонскиот народ што ќе бидат одбележувани од други институции и невладини организации.

## IV
## ФИНАНСИСКИ ПЛАН

Финансиските средства за реализација на оваа Програма ќе се обезбедат од буџетот на Општина Струмица во зависност од активностите што ќе бидат реализирани.

Ориентационо за таа намена би биле потребни следните средства:

| Р. б. | Н А С Т А Н И | Планирани средства во денари |
|---|---|---|
| 1 | 11.01.2006 година - 60 години од смртта на Атанас Ценев Нивичански | 5.000 |
| 2 | 04.02.2005 година – 134 години од раѓањето на Гоце Делчев | 10.000 |
| 3 | 13.04.2006 година-100 години од раѓањето на Антон Панов | 20.000 |
| 4 | 04.05.2006 година-103 години од загинувањето на Гоце Делчев | 10.000 |
| 5 | 09.05.2005 година – Меѓународен ден на победата над фашизмот | 10.000 |
| 6 | 18.06.2006 година – 25 години до смртта на Боро Поцков | 5.000 |
| 7 | 25.06.2006 година – 50 години од раѓаето на Борис Трајковски | 50.000 |
| 8 | 14.07.2006 година – 62 години од убиството на Благој Јанков Мучето | 10.000 |
| 9 | 17.07.2006 година – 20 години од смртта на Ристо Шишков | 20.000 |
| 10 | 02.08.2006 година – Ден на Републиката | 20.000 |
| 11 | 08 и 11.09.2006 година – Ден на независноста на Република Македонија и Ден на ослободувањето на Струмица | 20.000 |
| 12 | 11.10.2006 година Ден на Народното востание на Македонија, 65 години од востаничкиот 11.Октомври | 20.000 |
| 13 | 11.12.2006 година – Ден на заштитниците на Струмица – Светите 15 Тивериополски маченици | 240.000 |
| 14 | 31.12.2006 година – Пречек на Нова Година | 200.000 |
| 15 | Учество во активности организирани од други институции | 30.000 |
| | **Вкупно:** | **670.000** |

## V

Оваа Програма влегува во сила по објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр. 07-5499/1 Совет на општина Струмица
30.12.2005год. Претседател,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

……………………

Врз основа на член 21 од Законот за сметководство за буџет и буџетски корисници (“Сл. весник на РМ,, бр. 61/2002), член 30 од Правилникот за сметководството на буџетот и буџетските корисници (“Сл. весник на РМ” бр. 28/2003) и член 39 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” бр. 4/2003), Градоначалникот на општина Струмица донесе

## ПРАВИЛНИК
## за вршење на попис на средствата , обврските и побарувањата на Општина Струмица

Член 1

Со овој Правилник се уредува начинот и постапката за вршење на пописот на постојните средствата, земјиштето, градежните објекти, патничките возила, паричните средства, хартиите од вредност, залихите, обврските и побарувањето на Општина Струмица во зградата на Локалната самоуправа на општина Струмица, работните простории на Одделението за урбанизам, Територијалната противпожарна единица, Одделението за администратирање на приходите и Месните заедници на општина Струмица.

Член 2

Пописот на постојните средствата, земјиштето, градежните објекти, патничките возила, парични средства, хартиите од вредност, залихите, обврските и побарувањето на Општина Струмица. го врши Комисија што ја формира Градоначалникот на општина Струмица.

Комсијата е составена од: претседател и двајца членови и нивни заменици од редот на вработените во Општинската администрација на општина Струмица.

Комисијата за попис ја утврдува состојбата со пописот, составува пописни листи и доставува извештај за извршениот попис.

Член 3

Пописот на постојните средства, земјиштето, градежните објекти, патничките возила, паричните средства, хартиите од вредност, залихите, обврските и побарувањето на Општина Струмица Комсијата треба да го започне на 19.12.2005 година, а да ги заврши на 31.12.2005 година со тоа што пописот на паричните средства ќе го изврши до 10.01.2006 година и при пописот ќе го

земе состојбата на последниот извод од месец декември 2005 година од трезорската канцеларија.

Член 4

При пописот на постојните средства Комисијата да постави инвентарен број на секое средство и доколку при пописот на постојните средства треба да се изврши физичко броење на средствата, тоа треба да го извршат сите членови на Комисјата.

Член 5

При пописот на патничките возила, Комисијата треба да обезбеди фото копија на собраќајна дозвола на секое патничко возило што го попишува заради утврдување дали бројот на моторот и бројот на шасијата се исти како на сообраќајната дозвола.

Доколку Општината користи патничко возило што и е подарено или добиено на друг начин, а не регистрирано на нејзино име се обезбедува фото копија од сообраќајната дозвола но патничкото возило се попишува во посебен пописен лист.

На секое патничко возило се поставува инвентарен број.

Член 6

При пописот на земјиштето и градежните објекти, Комисијата е должна да обезбеди фото копија на имотниот лист на секое земјиште и градежен објект.

Доколку, Општината располага со земјиште или градежен објект кој по некој законски основ, поклон или донација го користи, а го нема заведено на свое име , Комисијата треба да обезбеди фото копија од постојниот имотен лист и земјиштето или градежниот објект да го попише на посебен пописен лист.

Член 7

Средствата во денари во благајната, Комисијата да ги попише апоените поединачно.

Член 8

Хартиите од вредност Комисијата ги попишува според серијскиот број.

Член 9

Комисијата врши попис на залихите материјали, резервни делови, ситен инвентар и стоки според евидентниот број. Залихите кои се наоѓат во оргинално пакување со пропратна декларација не се бројат од страна на Комисијата, туку се прифаќа информацијата на декларацијата за видот и количината на залихата.

Залихите кои не се користеле досега или не се користеле во текот на тековната година , Комисијата може да предложи да се отпишат.

Член 10

При пописот на побарувањата и обврските, Комисијата е должна да:

- обезбеди информација за правната основа за постоење на побарувања и обврски

-изврши аналитичка проверка на побарувањата и обврските за сите коминтенти посебно, да ја наведе причината за постоење на побарувањата и обврските

- ја утврди причината зошто некои обврски не се извршени редовно и се останати од минати години.

Член 11

Промените настанати помеѓу денот на попишувањето и 31.12.2005 година се внесуваат во пописниот лист дополнително

Комисјата е должна податоците за пописот да ги внесаат во пописните листи и тоа:

- аналитичка сметка
- номенклатурен број
- назив на средствата
- единечна мерка
- количина според пописот и сметководствената евиденција
- набавна вредност
- амортизација
- сегашна вредност

Пописните листи треба да се изготват во три примероци и да се потпишани од сите членови на Комисијата.

Комисијата е должна да ги евидентира пооделно утврдените разлики, односно кусоци и вишоци.

Член 12

Доколку Комисијата утврди дека, одредени постојни средства сопственост на Општина Струмица се наоѓаат кај друг субјект до денот на завршување на пописот корисникот на средствата е должен да достави свој пописен лист, а доколку корисникот не достави пописен лист, Комисијата е должна постојните средства ги попишува на посебен пописен лист.

Член 13

Комисијата е должна најкасно до 08.02.2006 гоина да достави извештај во кој содржи:

- предлози за книжење на кусоци, односно вишоци на вредноста на средствата со предлог кој ќе се задолжи за кусокот и на чиј товар ќе биде.
- Начинот на книжење на утврдениот вишок

- Опис на застарени и ненаплатени побараувања.
- Пребивања на одделни кусоци со одделни вишоци, доколку се однесуваат на слични средства и слични вредности
- Забелешки и објаснување на кои ракуваат со материјалите и паричните средства за утврдените разлики, како и други забелешки и објаснувања за настанатите разлики.

Извештајот Комисијата го доставува до Градоначалникот на општина Струмица

Член 14

Градоначалникот донесува одлука за прифаќање на пописот и предложените мерки од Комисијата.

Одлуката со извештајот за завршениот попис се доставуваат до Секторот за финансии и буџет, Одделение за буџет.

Член 15

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр. 08- 5095/1 Градоначалник на
19.12 .12.2005 год. општина Струмица
Струмица Зоран Заев с.р.

…………………

Врз основа на член 21 од Законот за сметководство, за буџетот и буџетските корисници (“Сл. весник на РМ” бр. 21/02), член 30 од Правилникот за сметководство на Буџетот и буџетските корисници (“Сл. весник на РМ” бр. 28/03), и член 39 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” бр. 4/2003), Градоначалникот на општина Струмица донесе

**Р е ш е н и е**
**за формирање на Комисија за попис**

1. За состојбата на 31.12.2005 година попис на постојните средства, земјиштето, градежните објекти, патничките возила, паричните средства, хартиите од вредност, залихите, обврските и побарувањата на Општина Струмица во зградата на Локалната самоуправа на општина Струмица, работните простории на Одделението за урбанизам, Територијалната против-пожарна единица, Одделението за администратирање на приходите и Месните заедници на општина Струмица ќе ја изврши Комисијата за попис во состав:

-Душко Василев - за претседател
-Панде Тодоров - заменик претседател
-Иванка Аџи Скерлева- член
-Снежана Орцева - заменик
-Софче Јанева - член
-Вангелица Анастасова- заменик

2. Комисијата за попис, пописот ќе го изврши согласно Правилникот за вршење на попис на средствата , обврските и побарувањата на Општина Струмица и законите и подзаконските акти.

3. За координирање, усогла-сување и давање насока на Комисијата за попис се одредува Евгенија Граматикова раководител на Одделението за буџет и сметководство

4. Комисијата за попис е должна пописот да го заврши до 31.12.2005 година, а извештајот да го достави во Одделението за буџет и сметководство до 08.01.2005 година.

5. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр. 01-5059/2 Градоначалник
23.12.2005 год. на општина Струмица
Струмица Зоран Заев с.р.